# Меѓународна стандардна класификација на образованието

## Подрачја на образование и обука 2013 (ISCED-F 2013) – Детални описи на подрачјата

United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

UNESCO
INSTITUTE
for
STATISTICS

## УНЕСКО

Уставот на Организацијата на обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО) беше усвоен од страна на 20 земји на Лондонската конференција што се одржа во ноември 1945 година, а стапи на сила на 4. ноември 1946 година. Организацијата во моментов има 195 земји членки и 9 придружни членки.

Главната цел на УНЕСКО е да придонесе за мирот и безбедноста во светот преку промовирање на соработката меѓу народите преку образование, наука, култура и комуникација, со цел да се поттикне универзално почитување на правдата, владеењето на правото и човековите права и основните слободи кои се потврдени за сите народи во светот, без разлика на раса, пол, јазик или религија, со Повелбата на обединетите нации.

Согласно својот мандат, УНЕСКО извршува пет главни функции: 1) напредни студии за образование, наука, култура и комуникација за светот на утрешницата; 2) унапредување, пренос и споделување на знаења преку истражувачка работа, обуки и наставни активности; 3) спроведување на мерки со кои се поставуваат стандарди за подготовка и усвојување на внатрешни инструменти и законски препораки; 4) обезбедување стручна експертиза преку техничка соработка со земјите членки за нивните политики за развој и проекти; и 5) размена на специјализирани информации.

Седиштето на УНЕСКО е во Париз, Франција.

## Институт за статистика на УНЕСКО

Институтот за статистика на УНЕСКО (ИСУ) е канцеларија за статистика на УНЕСКО која претставува репозиториум на ОН за глобални статистички податоци во областа на образованието, науката и технологијата, културата и комуникацијата.

Институтот е основан во 1999 година, со цел да се подобри статистичката програма на УНЕСКО и да се развијат и испорачаат навремени, точни и политичко релевантни статистички податоци кои се неопходни во денешните сé покомплексни општествени, политички и економски средини кои сé побрзо се менуваат.

Институтот се наоѓа во Монтреал, Канада.

Објавено во 2015 година од:

UNESCO Institute for Statistics
P.O. Box 6128, Succursale Centre-Ville
Montreal, Quebec H3C 3J7
Canada

Тел: +1-514-343-6880
Е-пошта:
uis.publications@unesco.org
http://www.uis.unesco.org

©UNESCO-UIS 2015

ISBN 978-92-9189-179-5
Ref: UIS/2015/INS/6
DOI http://dx.doi.org/10.15220/978-92-9189-179-5-en

Оваа публикација е достапна во Open Access под лиценцата Attribution-ShareAlike 3.0 IGO (CC-BY-SA 3.0 IGO) (http://creativecommons.org/licenses/by-sa/3.0/igo/). Со користење на содржината на оваа публикација, корисниците ги прифаќаат условите за користење на Репозиториумот на УНЕСКО со отворен пристап (http://www.unesco.org/open-access/terms-use-ccbysa-en).

Ознаките кои се користат и претставувањето на материјалот во оваа публикација не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на УНЕСКО во врска со правниот статус на која било земја, територија, град или област или на нејзините власти, како ни во врска со разграничувањето на нивните граници.

# Содржина

**Страна**


Вовед ....................................................................................................4

00 Општи програми и квалификации ....................................................5

01 Образование ......................................................................................7

02 Уметност и хуманистички науки .......................................................10

03 Општествени науки, новинарство и информирање ..........................17

04 Бизнис, администрација и право......................................................20

05 Природни науки, математика и статистика.......................................25

06 Информациски и комуникациски технологии.....................................29

07 Инженерство, производство и градежништво ..................................31

08 Земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина ............................39

09 Здравство и социјална заштита ........................................................43

10 Услуги .................................................................................................48

Прилог I. ISCED-F 2013: Список на можни кодови ................................54

Прилог II. Список на нумерички кодови ..................................................59

Прилог III. Список по азбучен редослед ..................................................80

# Вовед

Меѓународната стандардна класификација на образованието (МСКОБ) [International Standard Classification of Education (ISCED)] е рамка за прибирање, средување и анализа на меѓународно споредливи статистички податоци за образованието. ISCED припаѓа на Меѓународната групација на економски и општествени класификации на Обединетите нации и претставува референтна класификација за организирање на образовни програми и сродни квалификации по образовни нивоа и подрачја. За првпат изработена во средината на седумдесетите години на дваесетиот век од страна на Организацијата на обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО), ISCED е ревидирана неколку пати, вклучително и во 2011 и 2013 година.

Ревизијата во 2011 година првенствено се однесуваше на промените во образовните нивоа на програмите (ISCED-P) и со неа за првпат се воведе класификација на нивоата на образовни достигнувања врз основа на квалификациите (ISCED-A). Ревизијата од 2013 година се однесуваше на подрачјата на образование и обука (ISCED-F). Ревизиите на ISCED се резултат на меѓународен договор и нив формално ги усвојува Генералната конференција на земјите членки на УНЕСКО.

Документот ја опишува содржината на предметите на секоја од деталните подрачја кои се наведени во ревизијата од 2103 година на ISCED класификацијата на Подрачјата на образование и обука (ISCED-F 2013). Каде што беше можно, секој опис содржи и примери за предметите кои припаѓаат на дадено подрачје, како и примери за некои гранични случаи кои се вклучени во други подрачја. Ваквите исклучоци помагаат при разликување на дадените подрачја, особено во случаите каде што се чини дека содржината на двете подрачја е слична.

На крајот на документот приложени се списоци на предметите и подрачјата по азбучен и нумерички редослед. Овие списоци содржат повеќе примери на предмети од оние што се спомената во самите описи на подрачјата.

Во документот вклучен е и преглед на сите можни кодови на подрачја и нивното место во хиерархијата на класификации.

# 00 Општи програми и квалификации

Општи програми и квалификации се оние кои обезбедуваат образование за основни и лични вештини кое опфаќа голем број на предмети и не нагласува специјализација во дадено пошироко или потесно подрачје.

Ова пошироко подрачје не треба да се користи како категорија за класифицирање на некласифицирани програми и квалификации. Програмите и квалификациите **што нагласуваат некој посебен предмет** треба да се класифицираат во поширокиte подрачја од 01 до 10. Особено, образованието на терциерно ниво треба да се класифицира во ова подрачје само во исклучителни случаи.

### 01 Основни програми и квалификации

### 0011 Основни програми и квалификации

**Основните програми и квалификации** имаат за цел на учесниците да им обезбедат основни вештини во читање, пишување и сметање, заедно со елементарно разбирање на други предмети како што се историја, географија, природни науки, општествени науки, уметност и музика, и во одредени случаи и веронаука. Овие програми и квалификации обично се нудат на ниво на основно и нижо средно образование. Овде се класифицирани и пошироки, неспецијализирани програми на вишо ниво на средно образование, и покрај тоа што постои **одредено** насочување на, на пример, хуманистички науки, општествени науки, природни науки, итн. Струковните програми и квалификации овде се опфатени само по исклучок.

Во ова подрачје класифицирани се програми и квалификации со следнава главна содржина на предметот:

Основни програми и квалификации
Пошироки, општи (неспецијализирани) програми и квалификации
Општи програми и квалификации без нагласување на одреден предмет
Програми и квалификации на основно ниво

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Основните програми и квалификации на вишо ниво на средно образование (во некои земји на пониско ниво на средно образование) со одредено <u>нагласување</u> на, на пр. хуманистички науки, општествени науки или природни науки, кои опфаќаат и други области на знаење, исто така се вклучени во ова детално подрачје. Во некои земји овие програми и квалификации се нудат на модуларна основа и треба да бидат класифицирани овде.

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Програмите кои се сметаат за општи во смисла на програмската ориентација (неструковни), но кои имаат **јасно** нагласување на одредено детално, потесно или пошироко подрачје, се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во некое од поширокиte подрачја од 01 до 10, во зависност од предметот што го опфаќаат.

## 02 Јазична и нумеричка писменост

### 0021 Јазична и нумеричка писменост

**Јазична и нумеричка писменост** се програми или квалификации кои претежно се наменети за **возрасни**, и опфаќаат подучување на основни вештини во читање, пишување и сметање. Карактеристичниот опсег на возраста на учесниците може да се користи за да се направи разлика помеѓу деталното подрачје 0011 „Основни програми и квалификации“ и ова детално подрачје.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Основни корективни програми за млади или возрасни
Јазична писменост
Нумеричка писменост

## 03 Лични вештини

### 0031 Лични вештини

**Личните вештини** се дефинираат врз основа на влијанието што тие го имаат врз способноста на поединецот (умствена, социјална итн.). Ова детално подрачје ги опфаќа програмите за стекнување на лични вештини кои не се вклучени во 0011 „Основни програми и квалификации“ ниту во 0021 „Јазична и нумеричка писменост“, а со кои се стекнуваат клучни компетенции и преносливи, односно трансверзални вештини.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Аргументација и презентација
Обука за асертивност
Комуникациски вештини
Соработка
Развој на бихевиористички способности
Развој на ментални вештини
Програми за барање работа
Курсеви за родителство
Јавен настап
Вештини на самопочитување
Социјални компетенции
Управување со времето

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени образованието и обуката за *лидерство* во контекст на *личниот развој*.

Образованието и обуката кои се однесуваат на *работното место* или на *работните задачи* се вклучени во ова детално подрачје, доколку повеќе се однесуваат на личниот развој отколку на развојот на вештини неопходни за работа. Обуките од подрачјето на личните вештини можат да се одржуваат и на работното место, но сепак ќе бидат класифицирани во ова подрачје врз основа на нивната содржина.

Овде се вклучени и програми за лица со посебни потреби *кои им укажуваат на тоа како*

*да се справат со секојдневниот живот.*

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на лидерството во контекст на управувањето е исклучено од оваа група и е вклучено во деталното подрачје 0413 „Управување и администрација“.

# 01 Образование

## 011 Образование

### 0111 Наука за образование

**Науката за образование** е проучување на процесот на учење и теориите, методите и техниките на предавање на знаењето на другите.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Студии за наставната програма
Дидактика
Оценување, тестирање и мерење во образованието
Евалуација и истражувачка работа во образованието
Педагошки науки

Исклучени програми и квалификации

Програмите за обука на наставници кои ја комбинираат науката за образование со наставната практика се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во едно од деталните подрачја за обука на наставници (0112-0114).

### 0112 Образование на воспитувачи во предучилишни установи

**Образованието на воспитувачи во предучилишни установи** подразбира проучување на теориите, методите и практиките на подучување на многу мали деца на возраст до 7 години во рамките на формалните училишни средини на развојно ниво од предосновно или предучилишно образование.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Обука на воспитувачи за образование во рано детство (во формална училишна средина)
Обука на воспитувачи во предучилишно образование

Исклучени програми и квалификации

Обуката за згрижување на деца надвор од формалните училишни средини е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0922 „Грижа за деца и услуги за млади“

### 0113 Образование на наставници од одделенска настава (учители)

**Образованието на наставници од одделенска настава (учители)** подразбира проучување на теориите, методите и практиките на подучување на децата на возраст помеѓу 5 и 15 години на основни вештини во читање, пишување и математика со елементарно разбирање на други предмети како што се историја, географија, општествени науки, итн. и поставување основа за доживотно учење. Специјализацијата по одделни предмети е помалку нагласена отколку во деталното подрачје 0114 „Образование на наставници од предметна настава“. Изучувањето на наставната работа

со деца со посебни потреби е вклучено во ова детално подрачје, како и изучувањето на подучувањето на возрасни на основните вештини за читање и пишување и подучувањето на имигрантите на овие видови вештини на нивниот мајчин или прв јазик.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Обука на наставници од одделенска настава
Обука на наставници од автохтоно население
Основна настава
Обука на наставници за работа со деца со посебни потреби

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде се вклучени проучувањето на обуката на возрасни за јазична и нумеричка писменост. Овде е вклучен и асистентот на наставникот (асистент по настава).

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Образованието на наставниците од предметна настава, дури и кога е наменето за подучување на деца во основно или нижо средно образование, е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0114 „Образование на наставници од предметна настава".

### 0114 Образование на наставници од предметна настава

**Образованието на наставници од предметна настава** подразбира проучување на теориите, методите и практиките на настава по одреден предмет, најчесто на средно или вишо ниво на образование. Програмите и квалификациите вклучени во ова детално подрачје често ги опфаќаат самите студии, како и предметот/предметите што ќе се предаваат.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Обука на наставници – уметност и уметнички занаети
Обука на наставници – комерцијални предмети
Обука на наставници – музика
Обука на наставници – здравствена нега
Обука на наставници – физичко образование
Обука на наставници – други јазици
Обука на наставници – специфични теориски предмети, како на пр. анлиски, математика, историја
Обука на наставници – технички предмети
Обука на наставници – стручни предмети
Обука на инструктори за возење
Обука на инструктори

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде се вклучени курсеви за обука на наставници во високо образование, инструктори на работно место и инструктори за совладување работни вештини, како и курсеви по практични и уметнички предмети.

Исклучени програми и квалификации

Обуката на спортски тренери е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 1014 „Спортови“.

### 018 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат образование

#### 0188 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат образование

Во ова подрачје класифицирани се интердисциплинарни програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење се посветува на образованието.

# 02 Уметност и хуманистички науки

## 21 Уметност

### 0211 Аудиовизуелни техники и медиумска продукција

**Аудиовизуелните техники и медиумската продукција** опфаќаат проучување на техники и вештини за производство на книги или весници, радио или ТВ продукција, филмска или видео продукција, продукција на снимена музика и графичка репродукција. Овде се опфатени програми и квалификации од методите на репродукции во боја, фотографија и компјутерска графика. Проучувањето на комбинирање на слики, зборови и визуелни украси во изработката на книги, списанија, постери, реклами и сл. се исто така вклучени во ова детално подрачје.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Анимација
Книговезништво
Работа со камера
Композиција (печатење)
Производство на компјутерски игри
Компјутерска типографија
Филмска и видео продукција
Графички дизајн
Графичка репродукција
Илустрација
Дизајн на интерактивни медиуми
Медиумски техники
Мултимедијална продукција
Фотографија
Операции за припрема за печатење
Завршно печатење и повез
Печатење
Дизајн, прелом за печатење
Радио и ТВ продукција
Продукција на снимена музика
Техники на обработка на звук
Типографија

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде се вклучени припрема и прелом за печатење.

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Програмите и квалификациите во користењето на специфични софтверски апликации за припрема за печат и изработка на веб-страници се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0611 „Користење компјутери“.

Проучувањето новинарство (формулирање и содржина на пораките) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0321 „Новинарство и известување“.

## 0212 Моден и индустриски дизајн и дизајн на ентериери

**Моден и индустриски дизајн и дизајн на ентериери** е проучување на комбинирањето на линиии, форми и ткаенини на креативен начин при дизајнирање и конструирање, на пр. модна облека, индустриски производи и ентериери.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Дизајн на костими
Дизајн на индустриски производи
Моден дизајн
Архитектура на ентериер
Дизајн на ентериер
Сценографија
Аранжирање излози

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на проектирањето згради е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0731 „Архитектура и урбанизам“.

Проучувањето на индустрискиот дизајн е исклучено од ова детално подрачје доколку акцентот е ставен на техничките предмети, а не на уметничкиот дизајн, и е вклучено во соодветното детално подрачје под 071 „Инженерство и гранки на инженерство“.

Дизајнот на публикации и графичкиот дизајн се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0211 „Аудиовизуелни техники и медиумска продукција“.

## 0213 Ликовна уметност

**Ликовната уметност** е проучување на визуелните форми на креативно изразување, како и занимавање со теоријата, историјата, техниките, изведувањето и продукцијата во подрачјето на ликовната уметност.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Теорија на уметноста
Калиграфија
Бакрорез
Изработка на графики
Историја на уметноста
Сликарство
Филозофија на уметноста
Вајарство

Исклучени програми и квалификации

Обуката по керамика, грнчарство итн. е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0214 „Занаетчиство“.

Проучувањето на архитектурата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0731 „Архитектура и урбанизам“.

Обуката на наставници од подрачјето на уметноста е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0114 „Образование на наставници од предметна настава“.

**0214 Занаетчиство**

**Занаетчиството** претставува изучување на техники и вештини од избраниот занает, како што се изработка на накит, грнчарство, ткаење, дрворез, итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Керамика
Ракотворби, народна уметност и мајсторство
Изработка на декоративни предмети од метал
Автохтони занаети
Везење
Цвеќартсво (аранжирање цвеќе)
Уметничка работа со стакло и дување стакло
Златарство
Рачна изработка на накит
Изработка на музички инструменти (неиндустриска)
Музички инструменти (поправка и штимување)
Изработка на предмети од сребро
Каменорезништво (занаетско)
Рачно ткаење
Дрворез

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на индустриското (од голем обем и механизирано) производство на грнчарија, ткаени материјали, везови и др. е исклучено од ова подрачје и е вклучено во едно од деталните подрачја во рамки на поширокото подрачје 07 „Инженерство, производство и градежништво“.

**0215 Музика и изведувачки уметности**

**Музиката и изведувачките уметности** подразбираат проучување на начелата и техниките поврзани со изведбата кои вклучуваат музика, говор, движење, пантомима, имитација, импровизација и сценски занает.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Глума и режија
Балет
Кореографија
Циркус
Музичка композиција
Музичко диригирање
Креативна и изведувачка уметност
Танц
Драма
Историја на филм и театар
Историја на музиката
Музика
Музичко диригирање
Музикологија

Театар/Театарски науки

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени проучувањето на историјата и теоријата на музичките и изведувачките уметности.

Исклучени програми и квалификации

Обуката за наставници од областа на музиката и другите изведувачки уметности е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0114 „Образование на наставници од предметна настава“.

## 22 Хуманистички науки (без јазици)

### 0221 Религија и теологија

**Религијата и теологијата** се занимаваат со проучување на верските уверувања, концепти, симболи, изрази и духовни текстови.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Историја на религијата
Проучување на светите книги
Компаративни студии на религиите
Теологија

Вклучени програми и квалификации

Во ова детално подрачје вклучени се програми за деца и млади, кои обично се спроведуваат во верски училишта или семинари, во манастири итн., со цел да се развие интерес за начелата на одредена религија и доволно познавање на нејзината филозофија, за да се помогне во ширењето на таа вера.

Исклучени програми и квалификации

Основните програми кои се спроведуваат во верските училишта, семинари и сл., кои содржат верска настава, но кои не ја нагласуваат, односно не водат кон одредено верско занимање, се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во 0011 „Основни програми и квалификации“. Исламските шеријатски програми и квалификации се исключени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0421 „Право“.

### 0222 Историја и археологија

**Историјата** е проучување на минатите настани, особено политичкиот, социјалниот и економскиот развој на една земја, континент или светот. Овде е класифицирана историјата на медицината, како и проучувањето на историјата на науката и идеите. **Археологијата** е проучување на древните цивилизации со научна анализа на она што е пронајдено во земјата.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Археологија

Културна историја
Фолклорни студии
Историја
Историја на книжевност
Историја на медицина
Историја на науката и идеите
Историја на технологијата

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени реставрацијата и зачувувањето на уметничкото наследство.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на книжевноста во комбинација со проучувањето на одреден јазик е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0232 „Книжевност и лингвистика“.

Проучувањето на класичните јазици (латински и сл.) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0231 „Учење јазик“.

Проучувањето на Историјата на уметноста е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0213 „Ликовна уметност“.

Проучувањето на Музиката и изведувачките уметности е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0215 „Музички и изведувачки уметности“.

Проучувањето на Економската историја/Историја на економија е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0311 „Економија“.

**0223 Филозофија и етика**

**Филозофијата и етиката** е проучување на филозофијата, етиката и сродните предмети кои се занимаваат со концепцијата на животот.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Етика
Логика
Морал
Филозофија

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на религијата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0221 „Религија“.

Проучувањето на Филозофијата на уметноста е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0213 „Ликовна уметност“.

**23 Јазици**

**0231 Учење јазик**

**Учењето јазик** е проучување на структурата и составот на јазиците кои се изучуваат како втори или странски јазици (т.е. кои се наменети за говорници на немајчин јазик или говорници кои не го говорат течно тој јазик). Тоа вклучува проучување на сродни култури, книжевност, лингвистика и фонетика, доколку се поврзани со конкретниот јазик што се изучува и претставува дел од истата програма или квалификација. Овде се вклучени класичните или мртвите јазици, бидејќи се смета дека не постојат говорници со таков мајчин јазик, поради што начинот на предавање и содржината на наставната програма се послични со наставата на странски јазици.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Класични јазици
Немајчини (егзогени) јазици
Странски јазици
Усен превод
Фонетика
Други јазици, на пример, англискиот како втор јазик
Знаковен јазик
Преведување на знаковен јазик
Писмен превод

Вклучени програми и квалификации

Проучувањето на јазикот и лингвистиката овде се вклучени доколку лингвистиката е поврзана со дадениот јазик или јазиците кои се изучуваат и доколку се дел од истата програма или квалификација. Овде се вклучени преводот и толкувањето.

Исклучени програми и квалификации:

Изучувањето на мајчиниот или првиот јазик (кои се наменети за говорници на мајчин јазик, или лица кои течно го говорат односно владеат јазикот), дури и ако тој јазик не е национален јазик на земјата во која се изведува наставната програма (на пр. програми за имигранти кои го учат својот мајчин јазик) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0232 „Книжевност и лингвистика“.

### 0232 Книжевност и лингвистика

Деталното подрачје **Книжевност и лингвистика** овде се дефинира како изучување на јазикот (јазиците) наменети за говорници на мајчин јазик, или лица кои течно го говорат односно владеат јазикот. Тоа вклучува проучување на соодветна книжевност и лингвистика и може односно не мора да ја вклучува структурата и составот на јазикот.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Креативно пишување
Прв јазик
Автохтони јазици
Лингвистика
Книжевност
„Мајчини јазици“
Први јазици на говорниците на мајчин јазик

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени јазиците што се **изучуваат како прв јазик („мајчин јазик“)**, дури и ако јазикот не е национален јазик на земјата во која се изведува наставната програма (на пр. програми за имигранти на нивниот мајчин или прв јазик). Локалните и регионалните јазици овде се вклучени доколку се први јазици кои ги говори значително малцинство во земјата и доколку се наменети за говорници кои добро го владеат дадениот јазик.

Овде е вклучено проучувањето на компаративната книжевност. Овде е вклучено проучувањето на општата лингвистика (која не е поврзана со изучувањето на одреден јазик). Овде е вклучено и општото проучување на книжевноста (кое не е комбинирано со проучување на одреден јазик).

Исклучени програми и квалификации

Јазичните програми се исклучени од ова детално подрачје, доколку јазикот се предава како странски или друг јазик, и во тој случај вклучени се во 0231 „Учење јазик“.

Програмите за јазична и нумеричка писменост се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0021 „Јазична и нумеричка писменост“.

Програмите за знаковен јазик се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0231 „Учење јазик“.

### 028 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат уметност и хуманистички науки

#### 0288 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат уметност и хуманистички науки

Во ова подрачје се класифицирани интердисциплинарни програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење е посветено на уметноста и хуманистичките науки.

# 03 Општествени науки, новинарство и информации

## 31 Општествени и бихевиористички науки

### 0311 Економија

**Економијата** е проучување на економската политика, економската теорија и донесувањето одлуки во подрачјето на економијата.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Економетрија
Економска историја
Економика
Политичка економија

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на економијата каде што акцентот се става на деловните студии е исклучено од ова детално подрачје и е класифицирано во деталното подрачје 041 „Бизнис и администрација“. Проучувањето на домашната економија е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 1011 „Услуги во домаќинството“.

### 0312 Политички науки и граѓански права

**Политичките науки и граѓанските права** подразбираат проучување на начелата и практиките на владеење и политика. Проучувањето на правата и должностите на граѓаните е исто така вклучено во ова детално подрачје.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Граѓански права
Човекови права
Меѓународни односи
Студии на мир и конфликти
Политичка историја
Политички науки
Студии на јавна политика

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на политичка економија е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0311 „Економија“.

### 0313 Психологија

**Психологијата** е проучување на човечкиот ум и однесувањето како резултат на индивидуалните разлики, искуства и средината.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Когнитивна наука

Психоанализа
Психологија
Психотерапија

## 0314 Социологија и културолошки студии

Деталното подрачје **Социологија и културолошки студии** е проучување на човечките суштества и начинот на кој тие се однесуваат во групи и во однос на општеството. Овде се вклучени проучувањето на етнологијата и општествената антропологија, како и проучувањето на антропогеографијата и општествената географија.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Криминологија
Културна географија
Културолошки студии
Демографски студии/студии на населението
Етнологија
Родови студии
Општествена антропологија
Социологија

Исклучени програми и квалификации

Социјалната заштита каде што акцентот е на практичната социјална работа е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0923 „Социјална работа и советување“.

Физичката географија е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0532 „Наука за земјата”.

## 32 Новинарство и информирање

## 0321 Новинарство и известување

**Новинарството и известувањето** е проучување на теоријата и практиките на новинарството/известувањето како дел од областа на масовните комуникации. Новинарството и известувањето се занимава со формулирањето и содржината на пораките. Тоа опфаќа новинарско известување, пишување коментари и репортажа од јавен интерес, итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Новинарство во електронските медиуми
Уредништво
Информирање (прибирање и обработка на информации)
Новинарство
Масовни комуникации (собирање и обработка на информации)
Новинарско известување (вести)

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на техниките за масовна комуникација (на пр. печат и радио/ТВ продукција) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0211 „Аудиовизуелни техники и медиумска продукција“.

Проучувањето на прелом и издавачки дизајн е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0211 „Аудиовизуелни техники и медиумска продукција“.

Проучувањето на односите со јавноста е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0414 „Маркетинг и рекламирање“.

**0322 Библиотекарство, информатика и архивски студии**

**Библиотекарство, информатика и архивски студии** подразбира проучување на методите за избор, стекнување, организирање и чување на збирки на информации и олеснување на користењето на информациите. Овде се вклучени музејските и библиотекарските студии.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Архивски науки
Кураторски студии
Документаристика
Информатика
Библиотекарски студии
Музејска документација
Музејски студии
Музеологија

Исклучени програми и квалификации

Реставрацијата и зачувувањето на уметничкото наследство се исклучени од ова подрачје и се вклучени во подрачјето 0222 „Историја и археологија“.

**038 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат општествени науки, новинарство и информирање**

**0388 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат општествени науки, новинарство и информирање**

Овде се класифицирани интердисциплинарни програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење е посветено на општествените науки, новинарството и информирањето.

# 04 Бизнис, администрација и право

## 41 Бизнис и администрација

### 0411 Сметководство и оданочување

**Сметководство и оданочување** е проучување на водењето, ревизијата и евидентирањето на финансиските трансакции.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Сметководство
Ревизија
Книговодство
Даночно сметководство
Управување со даноци
Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на даночните закони е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0421 „Право“.

### 0412 Финансии, банкарство и осигурување

**Финансии, банкарство и осигурување** е проучување на планирањето, насочувањето, организацијта и контролирањето на финансиските активности и услуги. Тоа вклучува контрола и следење на финансиските ресурси на организации, институции и поединци, како и обезбедување на финансиски услуги на корпоративно ниво и на поединци.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Студии за банкарски шалтерски службеници
Банкарство и финансии
Финансиска теорија
Осигурување
Анализа на инвестиции
Инвестиции и хартии од вредност
Пензиско осигурување
Социјално осигурување
Берзанско работење

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Проучувањето на актуарската наука е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0542 „Статистика“.

### 0413 Менаџмент и администрација

**Менаџмент и администрација** е проучување на планирањето, управувањето и изведувањето на функциите и активностите на организациите и институциите. Овде се вклучени и програми од менаџмент, кои вклучуваат и администрација, економија, финансии итн. доколку ставаат акцент на менаџментот и администрацијата.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

- Администрација
- Менаџмент во образование
- Управување со вработување
- Претприемништво
- Здравствена администрација
- Логистички менаџмент
- Наука за менаџмент
- Управување со канцеларски работи
- Организациска теорија и однесување
- Кадровски работи
- Управување со кадарот
- Курсеви „Започнете свој бизнис“
- Управување со ланец на снабдување
- Управување со обуки

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено проучување на лидерството во контекст на управувањето.

Исклучени програми и квалификации:

Обуката за лидерство во контекст на личниот развој е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0031 „Лични вештини“.

Проучувањето на администрацијата во смисла на канцелариската работа е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0415 „Секретарска и канцелариска работа“.

**0414 Маркетинг и рекламирање**

**Маркетинг и рекламирање** е проучување на унапредување на процесите на размена на стоки и услуги помеѓу организации и/или поединци, и проучување на однесувањето и барањата на потрошувачите. Тие вклучуваат проучување на улогата на развојот на производите, одредувањето цени, дистрибуцијата, промоцијата и продажбата со цел да се максимизираат деловните резултати.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

- Огласување (Рекламирање)
- Однесување на потрошувачите
- Истражување на пазарот
- Маркетинг
- Тргување
- Односи со јавноста

**0415 Секретарско и канцелариско работење**

**Секретарско и канцелариско работење** подразбира изучување на административни постапки и практики, канцелариска технологија и канцелариски, стенографски и дактилографски вештини. Специјализираните програми за секретарско работење (двојазични, медицински, правни, сметководствени, итн.) се вклучени доколку програмата има за цел секретарска работа, а не работа како специјализирани асистенти.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Административни и секретарски услуги
Програми за службеници
Внес на податоци
Програми за странски јазици за секретарски работи
Дактилографија
Програми за секретарски работи од областа на правото
Програми за секретарски работи од областа на медицината
Ракување со канцелариска опрема
Обука за рецепционери
Секретарски програми
Стенографија
Работа со телефонска централа
Куцање

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени пошироки секретарски програми, кои, меѓу другото, вклучуваат и курсеви за работа со компјутер.

Исклучени програми и квалификации

Одделните програми или квалификации за користење на одреден компјутерски софтвер се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0611 „Употреба на компјутери“.

Управувањето со канцелариска работа е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0413 „Менаџмент и администрација“.

Програмите за хотелски рецепционери се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 1013 „Хотели, ресторани и кетеринг“.

**0416 Продажба на големо и мало**

**Продажба на големо и мало** подразбира проучување на купување и продажба на стоки и услуги, вклучувајќи управување со залихи, практики на утврдување на цени, спречување на загуби, системи и постапки за продажба. Ова детално подрачје вклучува и проучување на функционирањето и актуелните трендови во индустриите за големопродажба и малопродажба. Вклучена е и продажба на згради и недвижности.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Аукциска продажба
Услуги за потрошувачи
Демонстрациски техники
Купување
Тргување со недвижности
Малопродажба
Чување на залихи
Складирање
Големопродажба

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено проучувањето на купување и продажба на згради и недвижности.

**0417 Работни вештини**

**Работните вештини** опфаќаат проучување на структурата и функцијата на работниот век. Тие опфаќаат програми, кои главно се даваат како обука за персоналот, поврзани со работното место и работните задачи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Потреби на клиентите
Познавање на претпријатија
Обука за услужување на клиентите
Курсеви „Вовед во работа“
Организација на работа
Обезбедување на квалитет
Курсеви за синдикално организирање (општи)
Развој на работата

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучена обука на персоналот поврзана со работното место или работните задачи.

Исклучени програми и квалификации

Обуката поврзана со работното место или работните задачи е исклучена од ова детално подрачје доколку повеќе се занимава со личниот развој отколку со развојот на вештини неопходни за работа и е вклучена во деталното подрачје 0031 „Лични вештини“.

Обуката на персоналот што може да се класифицира во кое било друго подрачје е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во соодветното подрачје (на пр. курсевите за квалитет треба, доколку се технички, да бидат вклучени во деталните подрачја во рамки на 071 „Инженерство и гранки на инженерство“).

Програмите од подрачјето на работната средина треба да бидат вклучени во деталното подрачје 1022 „Заштита на здравјето и безбедност на работа“.

Програмите, претежно на терциерно ниво, кои се однесуваат на работниот век воопшто во смисла на пазарот на трудот, социјалните партнери, индустриската психологија итн. се

исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталните подрачја во рамки на 031 „Општествени и бихевиористички науки“.

## 42 Право

### 0421 Право

**Правото** е проучување на начелата и постапките за формално одржување на општествениот поредок, вклучувајќи обука за правни професии како што е адвокат или обука за судии.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Трговско право
Кривично право
Историја на право
Право на автохтоното население
Судска пракса
Трудово право
Правна пракса
Нотаријат/Нотарска пракса
Студии за адвокатски помошници

Исклучени програми и квалификации

Програмите за судска стенографија и програмите за адвокатски секретари се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0415 „Секретарска и канцелариска работа“.

Полициските студии се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 1032 „Заштита на лица и имот“.

## 048 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат бизнис, администрација и право

### 0488 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат бизнис, администрација и право

Во ова подрачје класифицирани се интердисциплинарни програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење е посветено на бизнис, администрација и право.

Вклучени програми и квалификации

Во ова подрачје вклучено е проучување на бизнис и администрација каде што акцентот не е ставен на ниту едно од деталните подрачја во рамки на 041.

Исклучени програми и квалификации

Бизнис програмите каде што се става акцент на кое било од деталните подрачја во рамки на 041 „Бизнис и администрација“ (менаџмент, администрација, маркетинг, итн.) треба да се класифицираат согласно потесната специјализација.

# 05 Природни науки, математика и статистика

## 51 Биолошки и сродни науки

### 0511 Биологија

**Биологијата** е проучување на структурата, функцијата, репродукцијата, растот, еволуцијата и однесувањето на сите живи организми.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Биологија
Ботаника
Цитологија
Ентомологија
Генетика
Микологија
Зоологија

Исклучени програми и квалификации

Студиите на науките за животната средина, во кои се проучува односот помеѓу живите организми и животната средина, се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0521 „Науки за животната средина“. Студиите на хемиските процеси во живите организми (биохемија, токсикологија, фармакологија итн.) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0512 „Биохемија“.

### 0512 Биохемија

**Биохемија**, која уште се нарекува и Биолошка хемија, е проучување на хемијата на живите организми, вклучувајќи ја, меѓу другото, и живата материја.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Биохемија
Индустриска микробиологија
Форензички науки
Студии на генетски код (ДНК, РНК)
Генетско инженерство
Фармакологија
Технологија на културата на ткива
Токсикологија
Вирологија

Вклучени програми и квалификации

Биотехнологијата е вклучена во ова детално подрачје.

## 52 Животна средина

### 0521 Науки за животната средина

**Науките за животната средина** се изучување на организмите во нивните меѓусебни односи и во однос на животната средина.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Екологија
Наука за животната средина

Исклучени програми и квалификации

Студиите по биологија и токсикологија се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во потесното подрачје 051 „Биолошки и сродни науки“.

### 0522 Природни средини и дива флора и фауна

**Природните средини и дивата флора и фауна** е проучување на односите помеѓу живите организми во природните средини со цел да се заштити природата и дивата флора и фауна. Овде е вклучено проучувањето на воспоставувањето и одржувањето на националните паркови со цел да се зачува нивната првобитна природна состојба.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Управување со национални паркови и со дивата флора и фауна
Зачувување на природата
Дива флора и фауна

Исклучени програми и квалификации

Студиите по земјоделство, хортикултура и шумарство се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во некои од деталните подрачја во рамки на 08 „Земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина“.

Студиите по лов и фаќање животни се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0821 „Шумарство“.

## 53 Физички науки

### 0531 Хемија

**Хемија** е проучување на супстанциите и нивните елементи и начинот на кој тие реагираат при мешање.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Неорганска хемија
Органска хемија
Физичка хемија

Исклучени програми и квалификации

Биохемијата е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0512 „Биохемија'".

**0532 Науки за Земјата**

**Науките за Земјата** продразбираат проучување на составот и структурата на Земјата, вклучувајќи ја хидросферата и атмосферата.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Климатски истражувања
Наука за Земјата
Геодезија
Физичка географија
Геологија
Геоматика
Геопросторна технологија
Метеорологија
Океанографија
Сеизмологија

Исклучени програми и квалификации

Општествената географија е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0314 „Социологија и културолошки студии“. Науката за почвата е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0811 „Растително и сточарско производство“.

**0533 Физика**

**Физика** е проучување на својствата и интеракциите на материјата и енергијата. Таа вклучува изучување на астрономијата и науката за вселената.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Астронимија
Астрофизика
Хемиска физика
Медицинска физика
Оптика
Физика
Наука за вселената

Исклучени програми и квалификации

Оптичарската пракса е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0914 „Медицинска дијагностика и технологија на лечење“.

**54 Математика и статистика**

**0541 Математика**

**Математиката** е изучување на апстрактните дедуктивни системи. Таа вклучува алгебра, аритметика, геометрија, реална и комплексна анализа и чиста и применета математика.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Алгебра
Геометрија
Математика
Нумеричка анализа
Истражување на операции

### 0542 Статистика

**Статистика** е проучување на прибирањето, опишувањето, средувањето и анализата на нумерички податоци. Вклучени се и студиите на теоријата на веројатност и актуарската наука.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Актуарска наука
Теорија на веројатност
Статистика, применета
Поставување на истражување
Изработка на примероци за истражување

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени студии на математичка (теоретска) статистика.

Исклучени програми и квалификации

Студиите на демографијата/населението се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0314 „Социологија и културолошки студии“.

## 058 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат природни науки, математика и статистика

### 0588 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат природни науки, математика и статистика

Овде се класифицирани интердисциплинарни или сеопфатни програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење им е посветено на природните науки, математиката и статистиката.

# 06 Информациски и комуникациски технологии

## 061 Информациски и комуникациски технологии

### 0611 Употреба на компјутери

**Употребата** на компјутери е проучување на користењето на компјутери и компјутерски софтвери и апликации за различни намени. Општо земено, овие програми траат кратко.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Употреба на компјутер
Употреба на софтвер за пресметки (пресметковни табели)
Употреба на софтвер за обработка на податоци
Употреба на софтвер за припрема за печат
Употреба на софтвер за обработка на текст
Употреба на интернет

### 0612 Проектирање и администрирање на бази на податоци и мрежи

**Проектирањето и администрирањето на бази на податоци и мрежи** е проучување на проектирањето, одржувањето и интеграцијата на софтверски апликации. Вклучени се и компјутерски медиумски апликации.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Администрирање и управување со компјутери
Компјутерски медиумски апликации
Инсталирање и одржување на компјутерски мрежи
Студии за администратори на бази на податоци
Администрирање на информациските технологии
Безбедност на информациските технологии
Администрање на мрежи
Проектирање на мрежи
Веб дизајн

### 0613 Развој и анализа на софтвер и апликации

**Развој и анализа на софтвер и апликации** е проучување на проектирањето и развојот на компјутерски системи и компјутерски средини.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Компјутерско програмирање
Компјутерска наука
Анализа на компјутерски системи
Проектирање на компјутерски системи
Информатика
Оперативни системи
Развој на програмски јазици
Развој на софтвер

Програмирање на софтвер

Исклучени програми и квалификации

Компјутерското инженерство (хардвер) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0714 „Електроника и автоматизација“.

Програмите и квалификациите за употреба на компјутерски апликации се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0611 „Употреба на компјутери“. Проектирањето и администрирањето на бази на податоци и мрежи се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0612 „Проектирање и администрирање на бази на податоци и мрежи“.

**0619 Информациски и комуникациски технологии кои не се класифицирани во други подрачја**

Овде се класифицирани студиите за информатичка технологија кои не се вклопуваат во другите детални подрачја:

Вештачка интелигенција

**068 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат информациски и комуникациски технологии**

**0688 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат информациски и комуникациски технологии**

Овде се класифицирани интердисциплинарни програми и квалификации во кои најмногу време наменето на учење се посветува на информациските и комуникациските технологии (ИКТ).

# 07 Инженерство, производство и градежништво

## 71 Инженерство и гранки на инженерство

### 0711 Хемиско инженерство и процеси

**Хемиско инженерство и процеси** е проучување на планирање, проектирање и развој на производи и процеси каде што се случуваат хемиски и физички промени. Тоа вклучува проектирање на хемиски погони и контролни системи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Хемиско инженерство
Хемиско процесно инженерство
Лабораториска технологија
Преработка на нафта/гас/петрохемиски производи
Работа на погони и машини (за обработка)
Процесна технологија

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучена лабораториската технологија, доколку не е ставен акцент на некоја посебна примена.

Исклучени програми и квалификации

Лабораториската технологија е исклучена од ова детално подрачје доколку акцентот е ставен на некоја посебна примена (биолошка, медицинска итн.) и е вклучена во соодветното детално подрачје (0914 итн.). Биотехнологијата е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0512 „Биохемија'".

Програмите и квалификациите со акцент на производство на одреден материјал се исклучени од ова детално подрачје (на пр. студиите со акцент на обработка на хартија треба да бидат вклучени во деталното подрачје 0722 „Производство и преработка на материјали (стакло, хартија, пластика, дрво)").

### 0712 Технологија за заштита на животната средина

**Технологијата за заштита на животната средина** подразбира проучување на процесите со кои се намалува стапката на испуштање отпад и се спречува загадувањето. Таа вклучува програми кои се однесуваат на контрола на водата, воздухот, почвата, итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Контрола на загадување на воздухот
Еколошка технологија
Енергетска ефикасност
Инженерство на заштита животната средина
Контрола на испуштање материи од индустриски погони
Контрола на загадување со бучава
Рециклирање
Контрола на загадувањето на водата

Исклучени програми и квалификации

Програмите и квалификациите кои се однесуваат на хигиенските стандарди за храната, водата и сл. се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 1021 „Комунални (санитарни) услуги“.

Градежништвото поврзано со управување со отпадот и водата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0732 „Градежништво“.

**0713 Електротехника и енергетика**

**Елкетротехника и енергетика** е проучување на инсталирањето, одржувањето, поправањето и дијагностицирањето на дефекти во електричната инсталација и поврзаната опрема во домаќинствата, комерцијалните и индустриските објекти. Вклучено е инсталирање и одржување на надземни и подземни дистрибутивни мрежи за електрична енергија. Енергетиката е проучување на производството на енергија.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Инсталирање и одржување на системи за климатизација
Климатско инженерство
Поправка на електрични апарати
Електротехника
Електрична опрема
Производство на електрична енергија
Електричарски занаети
Студии за енергетика
Дистрибуција на гас
Инсталирање и одржување на системи за греење
Нуклеарна, хидро- и термална енергија
Инсталирање и одржување на далноводи
Производство на електрична енергија
Ладење
Соларна енергија
Ветерни турбини

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено и проучувањето на инсталирање, дијагностицирање на дефекти и поправка на грејна опрема, опрема за климатизација и ладење.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на системите на електричните возила е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0716 „Моторни возила, бродови и воздухоплови“.

**0714 Електроника и автоматизација**

**Електроника и автоматизација** е проучување на планирањето, проектирањето, развивањето, одржувањето и контролирањето на електронска опрема, машини и системи.

Тоа вклучува проектирање на компјутери и опрема за комуникација.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Електроника за емитување
Комуникациски системи
Инсталирање на комуникациска опрема
Одржување на комуникациска опрема
Компјутерско инженерство
Поправка на компјутери
Контролно инженерство
Технологија за обработка на податоци
Дигитални технологии
Електронско инженерство
Сервисирање на електронска опрема
Мрежна технологија
Роботика
Телекомуникациска технологија
Поправка на телевизори и радио апарати

Исклучени програми и квалификации

Компјутерските науки (развој на софтвер и апликации) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во 0613 „Развој и анализа на софтвер и апликации".

**0715 Машинство и обработка на метали**

**Машинство и обработка на метали** е проучување на планирањето, проектирањето, развојот, производството, одржувањето и контролата на машини, механички погони и системи и метални производи. Тоа вклучува проектирање и одржување на машини кои произведуваат стоки и услуги. Фокусот на студиите во ова детално подрачје е на машините, механичките системи и металните производи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Оружарство
Хидраулика
Браварство и поправка на сефови
Машинство
Машински занаети
Лиење на метали и изработка на шаблони
Машинска обработка на метали
Металуршко инженерство
Прецизна механика
Обработка на лим (метални плочи)
Производство на челик
Изработка на алати и калапи
Заварување

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на механиката и инженерството на моторни возила е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0716 „Моторни возила, бродови и

воздухоплови“.

### 0716 Моторни возила, бродови и воздухоплови

**Моторни возила, бродови и воздухоплови** е проучување на проектирањето, развојот, производството, одржувањето, дијагностицирањето на дефекти, поправка и сервисирање на моторни возила, вклучувајќи опрема за земјени работи и земјоделски машини, бродови, возови и воздухоплови. Вообичаена е комбинацијата на студии кои опфаќаат и метални конструкции и мотори.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Астронаутичко инженерство
Воздухопловно инженерство
Одржување на воздухоплови
Автомобилски електрични системи
Автомобилско инженерство
Авионика
Каросерија
Бродско машинство
Мотоциклистичко инженерство
Лимарство
Бродоградба
Поправка и одржување на возови
Изработка и поправка на возила
Лакирање/бојадисување на возила со спреј

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено проучување на електричните системи на возилата.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на производството и поправката на немоторни возила е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во 0715 „Машинство и обработка на метали“ (на пр. велосипеди) или 0722 „Производство и преработка на материјали (стакло, хартија, пластика, дрво)“ (на пр. чамци без моторен погон).

### 0719 Инженерство и гранки на инженерство кои не се класифицирани на друго место

Овде се класифицирани инженерските студии кои не се опфатени со други детални подрачја:

Нанотехнологија

## 72 Производство и преработка

### 0721 Производство на храна

**Производството на храна** претставува проучување на производството и пакувањето на храната и пијалоците, како и на опремата и постапките кои се користат во производството и дистрибуцијата на прехрамбени производи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

- Пекарство
- Производство на пиво
- Месарство
- Кондиторски производи
- Млечни производи
- Производство на храна и пијалоци
- Конзервирање на храна
- Наука за храна и технологија
- Обработка и преработка на месо
- Слаткарство
- Преработка на тутун
- Производство на вино

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени проучувањето на ракувањето со храна и хигиена на храната.

Исклучени програми и квалификации

Ресторанте и кетерингот се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 1013 „Хотели, ресторани и кетеринг“.

Науката за исхрана е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во потесното подрачје 051 „Биолошки и сродни науки“.

**0722 Производство и преработка на материјали (стакло, хартија, пластика и дрво)**

**Производството и преработката на материјали** подразбира проучување на **производството на производи** од стакло, хартија, пластика, дрво или други материјали, како на пример, камен, глина, вештачки материјали, итн. Програмите и квалификациите вклучени во ова детално подрачје повеќе се занимаваат со некој конкретен материјал отколку со општо техничко знаење.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

- Изработка на чамци (без моторен погон)
- Изработка на ормари
- Столарство (изработка на мебел)
- Индустриско производство на керамика
- Изработка на мебел
- Дување на стакло (индустриско)
- Индустриска обработка на дијаманти
- Производство и преработка на хартија
- Производство на пластика
- Производство на гума
- Технологија на примарна обработка на дрво
- Машинска обработка на дрво
- Дрводелски занаети

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на обработката на метал е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0715 „Машинство и обработка на метали“.

Проучувањето на градежната столарија и дрводелство е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0732 „Градежништво“.

Проучувањето на хемиската обработка воопшто е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0711 „Хемиско инженерство и процеси“.

Проучувањето на печатењето и книговезништвото е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0211 „Аудиовизуелни техники и медиумска продукција“.

Програмите за рачна работа (уметнички и занаетски обработки на стакло, дрворезба, итн.) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0214 „Занаетчиство“.

**0723 Производство и преработка на текстил и кожа (облека, обувки и кожа)**

**Производството и преработката на текстил и кожа (облека, обувки и кожа)** е проучување на производството на текстил, текстилни и кожни производи, облека и сродни артикли, обувки и други форми на обувки.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Занаети за изработка на облека
Шиење на облека
Изработка на чевли
Изработка на облека од крзно
Производство на облека
Преработка на кожа
Седларство
Изработка на чевли
Производство на предмети од кожа
Предење
Кроење
Текстилни занаети
Тапетарство
Ткаење (индустриско)
Наука за волна

Исклучени програми и квалификации

Студиите за рачна работа (ткаење, везење итн.) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0214 „Занаетчиство“.

**0724 Рударство и екстракција**

**Рударството и екстракцијата** е проучување на проценката, планирањето, развојот и управувањето со екстракција на минерали, нафта и гас од земјата.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Ископ на јаглен
Технологија на преработка на минерали
Бушење нафта и гас
Екстракција на нафта и гас
Екстракција на суровини

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на металуршкото инженерство е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во 0715 „Машинство и обработка на метали“.

Проучувањето на геологијата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0532 „Науки за Земјата“.

## 73 Архитектура и градежништво

### 0731 Архитектура и урбанизам

**Архитектурата** е проучување на уметноста, науката и техниките на проектирање градби. Ова детално подрачје опфаќа и корисни цели - како што се цврстината на конструкцијата и функционалната и економската ефикасност на зградата - и естетските разгледувања. **Урбанизам** е проучување на регулираниот раст и унапредување на градовите од функционална и естетска гледна точка.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следниве главни содржини:

Архитектонско урбанистичко проектирање и планирање
Архитектура
Проектирање згради
Картографија/Премер на земјиште
Планирање на градови
Развој на заедниците
Пејзажна архитектура
Конструкциска архитектура
Геодетски премер
Урбано и рурално планирање
Урбанизам

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на уредувањето ентериери е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0212 „Моден и индустриски дизајн и дизајн на ентериери“. Геоматиката е исклучена од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0532 „Науки за Земјата’’.

Просторното планирање и изградбата на паркови и градини е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0812 „Хортикултура“.

**0732 Градежништво**

**Високоградба** е проучување на науката, технологијата и техниките на составување, изградба и одржување на јавни, комерцијални, индустриски и станбени згради и нивната опрема. **Нискоградба** е проучување на планирањето, проектирањето, тестирањето и управувањето на изградбата на големи објекти и конструкции, вклучувајќи ги и системите за транспорт, водоснабдување, канализација итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Ѕидање со тули
Изградба на мостови
Изградба на згради
Високоградба
Технологија на градење
Градежничко столарство и дрводелство
Нискоградба
Градежна опрема
Структурни метални елементи (на зграда)
Инженерство на бродоградилишта и пристаништа
Подни и ѕидни керамичарски работи
Поставување подни облоги
Изградба на куќи
Индустриска работа на висина (комерцијална)
Ѕидарство и керамичарски работи
Молерски работи и поставување ѕидни облоги
Малтерисување
Поставување водоводни цевки и опрема
Изградба на патишта
Инженерство и технологија на водата
Инженерство на водовод и канализација
Изградба на вентилациони системи на згради

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Поставувањето на електрични инсталации е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0713 „Електротехника и енергетика“. Слично на тоа, инсталирањето и поправката на опрема за греење, климатизацијата и ладењето се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0713 „Електротехника и енергетика“.

**078 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат инженерство, производство и градежништво**

**0788 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат инженерство, производство и градежништво**

Овде се класифицирани интердисциплинарни или пошироки програми и квалификации каде што најмногу време наменето за учење се посветува на инженерството, производството и градежништвото.

# 08 Земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина

## 81 Земјоделство

### 0811 Растително и сточарско производство

**Растителното и сточарското производство** подразбира проучување на одгледувањето, одржувањето и бербата на култури и пасишта, како и пасењето и управувањето со животните. Тоа вклучува проучување на управувањето и одржувањето на фармите и производство на непреработени растителни и животински производи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Земјоделски науки
Агрономија и наука за посеви
Одгледување животни
Одгледување на култури
Одгледување на кучиња
Управување со земјоделски поседи
Земјоделско производство
Овоштарство
Житарство
Коњарство
Свињарство
Живинарство
Одгледување на ориз
Одгледување на 'рж и пченица
Овчарство
Наука за почвата
Одгледување на шеќерна трска
Одгледување на зеленчук
Винарство

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде е вклучено проучување на плодноста на почвата и техниките за наводнување.

Овде се вклучени и студии за одгледување на посеви со кои интензивно се управува, како овошје и зеленчук.

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Проучувањето на производството на вино е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0721 „Производство на храна“.

Џокејството е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 1014 „Спортови“.

### 0812 Хортикултура

**Хортикултура** е проучување на технологијата на хортикултура и раководење со хортикултура, цвеќарство, методи на одгледување во стаклена градина, управување со

расадници, пејсажно градинарство, итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Цвеќарство
Градинарство
Одржување зелени површини
Хортикултурни техники
Управување со расадници
Одгледување на тревник

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено и планирањето и изградбата на градски и приватни паркови и градини. Вклучени се и вклучени програми за градинарство кои комбинираат цвеќарство и одгледување зеленчук.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на одгледување на посеви за јадење (како пченица, ориз, овошје, зеленчук и сл.) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0811 „Раститетелно и сточарско производство".

Проучувањето на науката за почвата, плодноста на почвата и техниките за наводнување е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0811 „Растително и сточарско производство“.

Проучувањето на управувањето со национални паркови е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0522 „Природни средини и дива флора и фауна“.

Проучувањето на пејсажната архитектурата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0731 „Архитектура и урбанизам“.

## 82 Шумарство

### 0821 Шумарство

**Шумарството** е проучување на воспоставувањето, одгледувањето, бербата на шуми и управувањето со шумите. Тоа вклучува проучување на ловот и фаќање на животни.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Производство на кокс
Управување со шумите
Техники на шумарство
Шумарство
Лов и фаќање на животни
Сеча на дрвја
Соборување стебла

Исклучени програми и квалификации

Студиите на управувањето со национални паркови се исклучени од ова детално подрачје

и се вклучени во деталното подрачје 0522 „Природни средини и дива флора и фауна“.

Технологијата на градежно дрво (производство во пилани и сл.) е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0722 „Производство и преработка на материјали (стакло, хартија, пластика и дрво)“.

## 83 Рибарство

### 0831 Рибарство

**Рибарството** е проучување на одгледувањето риби, грижата за риби и лов на риби и други морски плодови.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Аквакултура
Одгледување риби
Рибници
Наука и технологија за рибарство
Одгледување на бисери
Одгледување на морски плодови
Одгледување на школки

Вклучени програми и квалификации

Овде се вклучени програми за управување со рибарски чамци.

Исклучени програми и квалификации

Програмите за индустриска преработка на риба се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0721 „Призводство на храна“.

## 84 Ветерина

### 0841 Ветерина

**Ветерина** е проучување на спречување, дијагностицирање и лекување на болести и повреди кај животните и општа нега на животните. Програмите за грижа на болни, повредени и немоќни животни, кои се на лечење во ветеринарните клиники, се вклучени во ова подрачје. Вклучени се и студии за работата на ветеринарните помошници.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Здравствена заштита на животните
Репродукција на животни (наука)
Вештачко оплодување на животни
Работа на ветеринарни негуватели
Ветеринарна медицина
Ветеринарна нега
Ветеринарна наука

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучена и науката за репродукција на животните.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на одгледување на животни е исклучено од ова детално подрачје и е

вклучено во деталното подрачје 0811 „Растително и сточарско производство“.

**088 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина**

**0888 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина**

Овде се класифицирани интердисциплинарни или пошироки програми и квалификации во кои најмногу време наменето за учење се посветува на земјоделството, шумарството, рибарството и ветерината.

# 09 Здравство и социјална заштита

## 91 Здравство

### 0911 Стоматологија

**Стоматологијата** е проучување на дијагностицирање, лекување и спречување на болести и неправилности на забите и непцата. Таа вклучува проучување на проектирање, изработка и поправка на забни протези и ортодонтски апарати како и студии за обезбедување помош за стоматолозите.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Работа на стоматолошки асистенти
Хигиена на забите
Технологија на забна лабораторија
Работа на стоматолошки сестри
Стоматолошка наука
Стоматолошка хирургија
Стоматолошка технологија
Одонтологија
Орална хирургија
Ортодонтика

Вклучени програми и квалификации

Проучувањето на јавното стоматолошко здравје е вклучено во ова подрачје.

### 0912 Медицина

**Медицината** е проучување на начелата и постапките кои се користат во спречувањето, дијагностицирањето, негата и лекувањето на болести и повреди кај луѓето и одржување на општото здравје. Ова детално подрачје претежно се состои од обука на лекари од општа пракса/доктори.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Анестетика
Судска медицина
Судска патологија
Општа медицина
Геронтологија
Гинекологија
Медицинска наука
Медицинска обука
Медицина
Педијатрија
Психијатрија
Хирургија
Обука на лекари од општа пракса/доктори

## 0913 Здравствена нега (медицински сестри и акушерки)

**Здравствената нега (медицински сестри и акушерки)** е проучување на обезбедување на **здравствена нега** на болни, лица со попреченост или немоќни лица и асистирање на општите лекари и другите медицински и здравствени работници при дијагностицирање и лекување на пациентите. Фокусот на квалификациите од областа на здравствената нега е одржување и грижа за здравјето на пациентите за време на болест и рехабилитација. Ова детално подрачје вклучува и здравствена нега на стари лица и на лица со попреченост. **Акушерството** подразбира обезбедување грижа за родилки за време на бременоста, породувањето и раѓањето, како и за време на постпородилниот период. Ова детално подрачје вклучува и грижа за новороденчето и помош на мајката при доењето.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Помошна здравствена нега
Основна здравствена нега
Општа здравствена нега
Здравствена нега на стари лица
Здравствена нега на лица со попреченост
Програми на здравствена нега
Детска хигиена (здравствена нега)
Акушерки
Болнички работници
Психијатриска здравствена нега
Специјализирана здравствена нега

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде се вклучени програми за нега кои ги опфаќаат **и здравствената нега и социјалната грижа**, на пр. за стари лица.

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Ветеринарската нега е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0841 „Ветерина“.

Стоматолошката нега е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0911 „Стоматологија“.

Немедицинската нега на деца (нездравствена нега) е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачј 0922 „Грижа за деца и услуги за млади“.

Немедицинската нега на стари лица (нездравствена нега) е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0921 „Грижа за стари лица и возрасни лица со попреченост“.

**0914 Медицинска дијагностика и технологија на лечење**

**Медицинската дијагностика и технологијата на лечење** подразбираат проучување на широк спектар на технологии кои се користат за дијагностицирање и лекување на болести и попречености.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Технологија на брза помош
Технологија на слушни помагала
Медицинска лабораториска технологија
Оптичка технологија
Протетичка технологија
Радиолошка технологија
Радиотерапија
Рентген технологија (медицинска)

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Проучувањето на лабораториската технологија е исклучено од ова детално подрачје доколку акцентот не е на медицинската лабораториска технологија. Општата лабораториска технологија е вклучена во деталното подрачје 0711 „Хемиско инженерство и процеси“. Лабораториската технологија каде што акцентот е на други специфични примени (биологија, хемија, физика итн.) е вклучена во соодветното детално подрачје (0511, 0531, 0533 итн.).

Проучувањето на стоматолошката технологија е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0911 „Стоматологија“.

**0915 Терапија и рехабилитација**

**Терапијата и рехабилитацијата** е проучување на враќањето во нормалната физичка состојба на оние кои се онеспособени поради привремена или трајна попреченост.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Диететски програми
Медицинска масажа
Исхрана/Диететика
Професионална терапија
Физиотерапија
Рехабилитација
Логопедска терапија

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Проучувањето на психотерапијата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0313 „Психологија“.

Проучувањето на **науката** за исхрана е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во потесното подрачје 051 „Биолошки и сродни науки“.

## 0916 Фармација

**Фармацијата** подразбира проучување на лековите и нивното дејство врз луѓето. Ова детално подрачје вклучува подготовка, издавање на рецепти и примена на лековите.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Издавање лекови на рецепт
Фармација

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на фармакологијата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0511 „Биологија“.

## 0917 Традиционална и комплементарна медицина и лечење

**Традиционалната и комплементарната медицина** е проучување на алтернативната медицина.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Акупунктура и источна медицина
Ароматерапија
Ајурведска медицина
Треварство
Хербологија
Холистичка медицина
Хомеопатска медицина
Традиционална медицина, како на пример кинеската

## 92 Социјална заштита

## 0921 Грижа за стари и возрасни лица со попреченост

**Грижата за стари и возрасни лица со попреченост** е проучување на **немедицинската нега** на стари лица и лица со попреченост.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Грижа за стари лица
Немедицинска грижа за возрасни лица со попреченост
Лична нега на возрасни лица

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на здравствената нега на возрасните лица и лицата со попреченост е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0913 „Здравствена нега (медицински сестри и акушерки)“.

## 0922 Грижа за деца и услуги за млади

**Грижата за деца и услугите за млади** се проучување на развојот и **немедицинската нега** на децата и младите. Ова детално подрачје вклучува проучување на рекреативните активности и активностите во слободно време како социјални услуги за училишни деца и млади.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Грижа за децата
Рекреативни програми за деца
Дневна нега
Немедицинска нега на деца со попреченост
Услуги за млади
Програми за младински работници

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на предучилишното образование во предучилишните установи е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0112 „Обука за воспитувачи во предучилишни установи".

Проучувањето на здравствената нега на децата е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0913 „Здравствена нега (медицински сестри и акушерки)".

**0923 Социјална работа и советување**

**Социјалната работа и советување** е проучување на потребите на заедниците, специфичните групи и поединци за социјална помош и соодветните начини за задоволување на овие потреби. Фокусот е на социјалната помош со акцент на социјалната политика и пракса.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Советување за алкохолизам и наркоманија
Алкохол, тутун, дрога (информирање)
Поддршка во кризни ситуации
Семејно и брачно советување
Мобинг и малтретирање (информирање)
Обука за социјални работници за условен отпуст
Обука за пробациски службеници
Социјална политика
Социјална пракса
Социјална теорија (применета)
Социјална работа (социјална заштита)
Стручно советување
Стручна ориентација

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на социологија и општествени науки е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0314 „Социологија и културолошки студии".

Студиите кои ги комбинираат здравствената заштита и социјалната грижа (на пр. за стари лица) се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 0913 „Здравствена нега (медицински сестри и акушерки)".

**098 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат здравство и социјална заштита**

**0988 Интердисциплинарни програми и квалификации кои вклучуваат здравство и социјална заштита**

Овде се класифицирани интердисциплинарни или пошироки програми и квалификации во кои најмногу време наменето за учење се посветува на здравството и социјалната заштита.

# 10 Услуги

## 101 Лични услуги

### 1011 Услуги во домаќинството

**Услугите во** домаќинството подразбираат проучување на различни услуги во домаќинството, како што се водење домаќинство, чистење, перење, шиење итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Грижа, водење домаќинство и услужни работници во домаќинството
Чистење на оџаци
Чистење
Готвење (дома)
Домаќинство
Хемиско чистење
Погребални услуги и погребна наука
Економија на домаќинство
Перење облека (дома)
Рачна работа (дома)
Шиење (дома)
Чистење на прозорци

Вклучени програми и квалификации

Чистењето е вклучено во ова подрачје, дури и кога се работи за чистење на училишта, болници, фабрики итн.

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на одржувањето на згради е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0732 „Градежништво“.

### 1012 Фризерски и козметички услуги

**Фризерските и козметичките услуги** подразбираат проучување на негата на косата и телото за разубавување.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Берберски услуги
Козметичка терапија
Козметологија (шминкање)
Фитнес и контрола на телесна тежина
Фризерски услуги
Маникир
Педикир

### 1013 Хотели, ресторани и кетеринг

Деталната област **Хотели, ресторани и кетеринг** подразбира проучување на давање услуги на исхрана, пијалоци, сместување и сродни услуги во хотели, ресторани итн.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Кетеринг
Готвење (во ресторани и хотели)
Подготовка на брза храна
Сервирање храна
Угостителски услуги
Студии на хотелиерство и ресторански услуги
Обука за хотелски рецепционери
Хотелски услуги
Услуги на келнер и шанкер
Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на производство на храна (индустриска) е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0721 „Производство на храна“.

Обуката за рецепционери (општа) е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0415 „Секретарско и канцелариско работење“.

**1014 Спортови**

**Спортовите** подразбираат изучување на техниките и вештините на некој избран спорт.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Студии за спортски тренери
Техники и вештини во избраниот спорт
Обука за судии и други спортски службеници

Вклучени програми и квалификации

Овде е вклучено и џокејството и играњето шах.

Исклучени програми и квалификации

Обуката на училишните наставници по физичко воспитување (наставник по физичко воспитување) е исклучена од ова детално подрачје и е вклучена во деталното подрачје 0114 „Образование на наставниците од предметна настава“.

Фитнес услугите се исклучени од ова детално подрачје и се вклучени во деталното подрачје 1012 „Фризерски и козметичарски услуги“.

### 1015 Патување, туризам и слободно време

**Патувањето и туризмот** е проучување на маркетингот и рекламирањето на туристичките дестинации и настани. Ова детално подрачје вклучува и проучување на практиките за издавање билети и резервации. **Слободното време** подразбира проучување на рекреативните активности и активностите во слободно време за поединци и групи.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Алпинизам (качување со јаже)
Авантуристички активности
Обука на копнен екипаж (аеродром)
Водење на тури, организација на патувања
Рекреација и слободно време
Туристички програми
Услуги на патнички агенции
Патување и туризам
Патни услуги

<u>Вклучени програми и квалификации</u>

Овде е вклучена основната обука за начинот на однесување со туристите.

<u>Исклучени програми и квалификации</u>

Проучувањето на рекреацијата и активностите во слободно време за училишните деца е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0922 „Грижа за деца и услуги за млади“.

## 102 Хигиена и услуги за заштита на здравјето на работа

### 1021 Комунални (санитарни) услуги

**Комуналните (санитарни)** услуги опфаќаат проучување на комуналните услуги кои се однесуваат на ставки кои влијаат на јавното здравје, како што се хигиенски стандарди за храна, снабдување со вода, исфрлање на канализацијата и ѓубрето и чистење на улиците.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Комунална хигиена
Хигиенски стандарди
Собирање отпад
Отстранување отпад/отпадни води
Чистење улици
Услуги на водоснабдување
Управување со отпад

## 1022 Заштита на здравјето и безбедност на работа

**Заштитата на здравјето и безбедноста** на работа е проучување на препознавањето, оценувањето и контролата на факторите на средината поврзани со работното место.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Ергономика (заштита на здравјето и безбедност на работа)
Здравје и безбедност на работното место
Програми за индустриска безбедност
Заштита на работниците
Безбедност на работниците
Безбедност на работната сила
Здравствена и индустриска хигиена на работното место
Безбедност на работното место
Управување со стрес
Работна средина

Исклучени програми и квалификации

Проучувањето на професионалната рехабилитација и работната терапија е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во деталното подрачје 0915 „Терапија и рехабилитација“.

Проучувањето на трудовото право е исклучено од ова детално подрачје и е вклучено во 0421 „Право“.

Проучувањето на ергономиката е исклучено од ова детално подрачје доколку акцентот е ставен на техничките аспекти и е вклучено во соодветното детално подрачје под 071 „Инженерство и гранки на инженерството“.

## 102 Безбедносни услуги

## 1031 Војска и одбрана

**Војската и одбраната** подразбира проучување на услугите за заедницата поврзани со војната и одбраната, наменети да обезбедат обука за начелата и практиката на воената наука.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Обука на воздушни сили
Воена обука
Одбранбени студии
Воена наука
Морнаричка обука
Теорија на војни

Исклучени програми и квалификации

Воениот персонал кој учествува во невоените програми треба да биде класифициран според предметната содржина на програмата за обука.

## 1032 Заштита на лица и имот

**Заштита на лица и имот** е проучување на услугите за заедницата кои се однесуваат на заштита на имот и лица. Ова детално подрачје опфаќа обука за полициска работа, јавна безбедност, противпожарна заштита и гаснење пожар.

Овде се класифицирани програми и квалификации со следнава главна содржина:

Безбедност на граѓаните
Царински програми
Противпожарна заштита (гаснење пожар)
